20252675122

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 26 декември 2025 година.

Бр. 08-7343/1
26 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 142/2008, 62/2009, 64/2009, 156/2009, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 150/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 8/15, 20/15, 48/15, 129/15, 217/15, 190/16, 171/17, 35/18 и 247/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 251/22 и 3/25) во членот 4 точка 3 по зборот „осигурување“ се додаваат зборовите: „и Законот за работно ангажирање на лица“.

Член 2

Во членот 7 став (1) по точката 1-а) се додава нова точка 1-б), која гласи:

„1-б) работно ангажирани лица за сезонска и повремена работа согласно со Законот за работно ангажирање на лица;“.

Член 3

Во членот 11 по бројот 3 сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборовите: „точка 1-а)“ се додаваат зборовите: „и членот 7 став (1) точка 1-б)“.

Член 4

Во членот 13 став 1 во точката 1-а) зборовите: „член 7 став (1) точка 1-а)“ се заменуваат со зборовите: „член 7 став (1) точки 1-а) и 1-б)“.

Член 5

Во членот 14 став (1) по точката 1-а) се додава нова точка 1-б), која гласи:

„1-б) износот од 1/30 од висината на најниската основица за пресметка и уплата на придонесите согласно со овој закон, за секој ден на работно ангажирање, независно од висината на договорениот паричен надоместок и часовите за кои лицето е ангажирано, за лицата од членот 7 став (1) точка 1-б) од овој закон;“.

Член 6

Во членот 25 став (1) во точката 6) процентот „13%“ се заменува со процентот „11,8%“.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.